**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-495**
**05.11.2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 62 став 6 од истиот закон, член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија” бр.172/14 и 76/15), член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.124/15), член 14 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“, бр.62/06 и 150/10), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-495 од 21.10.2019 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година, а согласно Заклучокот, бр.02-4758/6 од 04.11.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 41-та седница одржано на 04.11.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје**

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за телевизиско емитување, бр.08-179 од 29.03.2018 година на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на обврската од член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и на член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија” бр.172/14 и 76/15), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што преставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”, на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување, бр.08-179 од 29.03.2018 година, за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс,

на државно ниво, програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

Согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Во член 22 став 3 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), пропишано е дека бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма преку сателит и јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, треба да биде 30 (триесет), од кои 10 (десет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари.

Согласно член 27 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Согласно член 27 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши вонреден надзор, кој се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата.

На 21.10.2019 година, Секторот за стратешко планирање и авторски права, до Директорот на Агенцијата, достави Известување во врска со исполнувањето на минималните кадровски услови и на обврската за одговорен уредник од страна на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.03-4632/1 од 21.10.2019 година, во кое е наведено дека Агенцијата за да констатира дали Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови, на 20.09.2019 година, со допис се обрати и од Агенцијата за вработување побара информација за лицата кои се во редовен работен однос во ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. На 07.10.2019 година, Агенцијата за вработување до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги достави бараните податоци со состојба од 24.09.2019 година. Од доставените податоци, Агенцијата констатираше дека радиодифузерот го исполнува условот од најмалку 30 (триесет) вработени, но од дописот Агенцијата неможеше да констатира дали радиодифузерот го исполнува условот за структурата на вработените, поточно дали има најмалку 10 (десет) лица како новинари и дали тие имаат комплетирано високо образование. На 20.09.2019 година, Агенцијата со писмен допис се обрати и до радиодифузерот – ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, со кој допис побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на неговиот прием, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови. Агенцијата постапувајќи согласно вообичаената пракса, го испрати Дописот преку Македонска пошта, но истиот не беше уредно примен од страна на радиодифузерот. Имено, дека не беше извршена уредна достава, видно беше од печатот на вратената пратка каде беше наведено дека радиодифузерот бил „преселен", а на ковертот со ракопис дополнително беше назначено „иселен – не постои фирмата". За да се обезбеди успешно доставување, Агенцијата телефонски го контактираше одговорното лице на радиодифузерот, коешто на 07.10.2019 година лично го подигна дописот од архивата на Агенцијата. На

14.10.2019 година истече рокот за доставување на бараната документација, а заклучно со 18.10.2019 година радиодифузерот до Агенцијата не ја достави потребната документација. Исто така, на 21.10.2019 година, до Директорот на Агенцијата од страна на Секторот за информатичка поддршка и општи работи беше доставено Известување за констатирани неправилности при работењето на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје наш арх.бр.03-4632/2 од 21.10.2019 година. Во известувањето беше наведено дека наведеното трговско радиодифузно друштво неколку пати имало проблем со емитувањето на програмата, односно дифузниот сигнал кој се емитувал преку неколку оператори, неколку пати бил прекинуван. Па така, согласно Службената белешка - Известување (наш арх.бр.03-4130/1 од 05.09.2019 година), ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, прекина да емитува програма на 04.09.2019 година околу 11:15 часот. На 20.09.2019 година, од страна на Секторот за информатичка поддршка и општи работи повторно беше направена рутинска контрола на системот за мониторинг, при што беше забележано дека телевизијата 1 ТВ продолжила да емитува програма после 15 (петнаесет) денови прекин на емитување. За наведеното беше составено и Известување – Службена белешка наш арх.бр.03-4130/2 од 20.09.2019 година. Во третото Известување, службена белешка, наш арх.бр.03-4130/3 од 01.10.2019 година, беше наведено дека радиодифузерот престанал со емитување програма на 30.09.2019 година во 13 часот и 07 минути. Во цитираното Известување, службена белешка наведено беше и тоа дека биле извршени уште два надзори во 14:00 часот и во 15:00 часот со цел да се утврди дали телевизијата 1 ТВ емитува телевизиска програма и беше констатирано дека не емитува програма. На 04.10.2019 година, при вршење на редовен надзор на системот за мониторирање, Секторот за информатичка поддршка и општи работи, воочи дека телевизијата ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на 03.10.2019 година повторно почнала со емитување програма. За наведеното беше составено четврто Известување, Службена белешка, наш арх.бр.03-4130/4 од 04.10.2019 година. На 18.10.2019 година, Секторот за информатичка поддршка и општи работи, со писмен допис – Известување (наш арх.бр.03-4130/6 од 18.10.2019 година) извести дека радиодифузерот престанал со емитување програма на 16.10.2019 година околу 14.35 часот. Последната проверка беше направена на 21.10.2019 година, за која со Известување, Службена белешка наш арх.бр.03-4130/7 од 21.10.2019 година, Секторот за информатичка поддршка и општи работи извести дека при последната проверка беше утврдено дека 1 ТВ не емитува програма. На 21.10.2019 година и Секторот за програмски работи до Директорот на Агенцијата достави Известување во врска со констатирани состојби во однос на програмата на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.03-4632/3 од 21.10.2019 година, во кое известување меѓу другото беше наведено дека во периодот од јули до октомври 2019 година, констатирале повеќе промени во програмата на телевизискиот програмски сервис 1 ТВ. Имено, во периодот од 5-ти до 11-ти август 2019 година, над радиодифузерот – ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, беше реализиран надзор, кој покажа дека емитуваната програма на 1 ТВ и покрај промените во програмската шема и големиот обем репризна програма, формално беше во рамките на форматот, односно во согласност со програмскиот концепт за кој му беше доделена дозволата. Во Известувањето, исто така беше наведено и дека телевизијата од 4 септември повеќе пати прекинуваше и започнуваше со емитување програма, а на 21.10.2019 година (кога е дадено цитираното Известување) радиодифузерот не емитувал програма. Последен пат, Секторот за програмски работи, направи увид (без детална анализа) во снимките од програмата на 1 ТВ, за седмицата од 7 до 13 октомври 2019 година. Од прегледувањето на снимките беше евидентно дека медиумот не работи според

програмскиот концепт за кој му беше доделена дозволата односно емитуваше само музика и играна програма.

Во врска со напред наведеното, Агенцијата, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изврши вонреден, по службена должност, административен надзор на работењето на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, при што во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-4642/1 од 21.10.2019 година, констатираше дека ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од напред цитираниот Закон, во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-4642/1 од 21.10.2019 година, се даде предлог мерка директорот на Агецијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка – одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од истиот закон, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којштo е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 5 од истиот закон, достави Предлог Уп1 бр.08-495 од 21.10.2019 година за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година.

Советот на Агенцијата на 40-та седница одржана на 22.10.2019 година, со Заклучокот, бр.02-4618/2 од 22.10.2019 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-495 од 21.10.2019 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, доставен од предлагачот, Директор на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-495 од 22.10.2019 година, во

кое му беше укажано дека доколку не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во цитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-495 од 21.10.2019 година, ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-495 од 22.10.2019 година, Агенцијата го испрати до ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на 22.10.2019 година, во писмена форма преку брза пошта ЕМС на Македонска пошта. Исто така, цитираното известување на 22.10.2019 година беше испратено и во електронска форма на електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Северна Македонија, која е евидентирана како електронска адреса на радиодифузерот - ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во регистарот на радиодифузери на Агенцијата.

На 28.10.2019 година, од страна на управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, до Агенцијата беше доставено Известување бр.03-1/19 од 21.10.2019 година (наш Уп1 бр.08-495 од 28.10.2019 година), со кое известуваат дека на ден 16.10.2019 година, ТРД 1 ТВ ДООЕЛ престана да емитува програма како и дека програмата била прекината бидејќи пристигнало решение за уплата на аванс за покривање на трошоци по претходна постапка врска бр.СТ – 199/19. Во цитираното Известување наведено е и дека Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, не е во можност да ги испочитува своите обврски кон добавувачите и да ја испочитува програмската шема во согласност со добиената дозвола од Агенцијата, како и кадровскиот и техничкиот минимум во согласност со законските прописи. За наведеното, на 30.10.2019 година Секторот за стратешко планирање и авторски права до директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, достави Известување за доставена информација од Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.08-495 од 30.10.2019 година.

Во меѓувреме, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги при проверка на „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.222 од 28.10.2019 година, како и при редовна проверка на објавите на веб страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија, констатираше дека со Решение 1.Ст.бр.199/19 од 18.10.2019 година, на Основниот граѓански суд во Скопје се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

Во согласност со член 23 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пред изрекување на мерките од ставот (1) алинеја 3 - одземање на дозволата и алинеја 4 - спроведување постапка за бришење од регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги или од регистарот на радиодифузери, согласно одредбите од овој закон, Советот на Агенцијата е должен да обезбеди јавна седница на која претставник на медиумот ќе ги образложи и аргументира постапките и причините за постапувањето на медиумот.

Согласно наведеното Советот на Агенцијата на 30.10.2019 година, во писмена форма преку брза пошта ЕМС на Македонска пошта, до ТРД 1ТВ ДООЕЛ Скопје, за управителот Јасна Ерцеговиќ, испрати Покана за јавна седница (наш Уп 1 бр.08-495 од 30.10.2019 година), која беше закажана на 01.11.2019 година.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на доставеното Известување бр.03-1/19 од 21.10.2019 година (наш Уп1 бр.08-495 од 28.10.2019 година) од страна на управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ

ДООЕЛ Скопје и Известувањето за доставена информација од Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.08-495 од 30.10.2019 година дадено од страна на Секторот за стратешко планирање и авторски права, до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-495 од 31.10.2019 година, Советот да донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година.

На 01.11.2019 година, управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Јасна Ерцеговиќ, преку полномошник - Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ – Скопје, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Известување (наш арх.бр.08-495 од 01.11.2019 година), во кое меѓудругото извести дека управителот на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Јасна Ерцеговиќ, не е во можност да присуствува на јавната седница од причина што истата е во куќен притвор согласно Решение IV КОК ПП бр.404/19-1 на Основниот Кривичен суд Скопје од ден 09.10.2019 година, за што беше предложено расправата на јавната седница закажана за ден 01.11.2019 година да се одложи, како управителката би можела да присуствува и да ги заштити правата и интересите на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. Во прилог на Известувањето (наш арх.бр.08-495 од 01.11.2019 година), доставена е фотокопија од прва и последна страна од Решение IV КОК ПП бр.404/19-1 на Основниот Кривичен суд Скопје од ден 09.10.2019 година (а поради заштита на податоци и тајноста на истражната постапка).

Во врска со поднесеното барање, Советот на Агенцијата ја одложи 8-та Јавна седница закажана за 01.11.2019 година во 15:00 часот и продолжението на оваа седница го презакажа на 04.11.2019 година во 17:00 часот. Исто така, Советот на Агенцијата одлучи да ја одложи и втората точка од Дневниот ред на 41-та седница на Советот закажана за 01.11.2019 година со почеток во 15:15 часот, која гласеше: Предлог – одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и одлучи Предлогот за донесување на Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје да го разгледува на продолжението на 41-та седница на Советот на Агенцијата кое ќе се одржи на 04.11.2019 година во 17:15 часот. За наведеното Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 01.11.2019 година до Управителот на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на домашна адреса во писмена форма преку брза пошта ЕМС на Македонска пошта му испрати Известување Уп1 бр.08-495 од 01.11.2019 година, кое Известување согласно Доставната книшка и Информацијата за пратка од брза пошта ЕМС на Македонска пошта е уредно примено на ден 02.11.2019 година.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

На 04.11.2019 година со почеток во 17:00 часот се одржа првото продолжение на 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата на која не присуствуваше Јасна Ерцеговиќ, управител на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

Воедно, Советот на Агенцијата на првото продолжение на 41-та седница одржано на 04.11.2019 година го разгледа Предлогот за донесување на Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата бр.08-179 од 29.03.2018 година - ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-495 од 21.10.2019 година, од страна на Советот на Агенцијата, не ја исполни обврската предвидена во член 62 став 6 од Законот

за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Предлогот Уп1 бр.08-495 од 31.10.2019 година, а согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-4758/6 од 04.11.2019 година, донесе Одлука со која се одзема дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје бр.08-179 од 29.03.2018 година, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполни обврската предвидена во член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно поради тоа што по издавањето на дозволата настанати се околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје е конечна. Против одлуката за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Привремениот стечаен управник на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Ацо Петров и
- Агенција за електронски комуникации.